# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ФОРУМОТ НА ЖЕНИ НА ЛДП

## ЗА ПЕРИОД 2023 – 2025 ГОДИНА

Скопје, март 2023 година

## Иницијативи 



- **Реализација на започната Иницијатива за воведување на медикаментозниот абортус во Законот за прекин на бременоста**. (Имено, м.абортус успешно се применува уште од 1990 година во голем број на земји, како алтернативна метода на хируршкиот абортус. Неговата ефикасност е од 95 % до 97 % и само во мал број на случаи има потреба од дополнителна медицинска интервенција. И Светската здравствена организација го препорачува медикаментозниот абортус како безбеден. Оваа услуга во 2020 година е веќе пилотирана на Клиниката за гинекологија и акушерство во Скопје, и веќе им е достапна на жените како алтернативна метода за прекин на бременоста, покрај веќе постојниот хируршки абортус. Сепак, недостигот на лековите на пазарот и недоволно обучениот медицински кадар сѐ уште претставуваат предизвик медикаментозниот абортус да биде достапен насекаде во нашата земја).
- **Поддршка на иницијативата за прецизирање на дејствијата демнење и политички мобинг на работно место во Законот за заштита од вознемирување на работното место** (Здружението за рурален развој ЛАГ Агро Лидер започна со спроведување на иницијативата Политички мобинг со подршка на НДИ Северна Македонија. Во рамките на Министерството за труд и социјална политика формирана е работна група која работи на донесување на нов Закон за заштита од вознемирување на работното место).
- **Поддршка на Законско регулирање на сексуална уцена (сексторција) во Кривичниот законик и Законот за спречување на корупција и судир на интереси**

  (Иницијативата ја започна Хелсиншкиот Комитет за човекови права со поддршка на НДИ Северна Македонија – иницијативата се наоѓа во фаза на второ читање во Законодавна Правната Комисија).
- **Иницијативи за поттикнување на жените од руралните средини** да земат активно учество во општествените текови на државата.

## Внатрепартиско делување 

- Отпочнување на „Академија за жени – лидерки“ по примерот на Alliance for Her (одржување на серијал од 3 обуки во кој ќе бидат опфатени теми на јавно говорење, креирање на политики, родова еднаквост, лидерство...., со таргет група од 15 до 20 жени);
- Семинари/работилници/трибини во соработка со НДИ, ФНФ, Фондацијата Борис Дивковиќ;

- Обуки за родова еднаквост (покрај жените – членки на истата ќе бидат вклучени и мажите од ЛДП со цел нивна поголема родова сензибилизација);
- Изработка на Програма за менторство (евиденција на расположливите капацитети, односно членови и членки на ЛДП кои што веќе се обучени и стручни на одредени теми со цел нивно вклучување во реализација на обуки по одредени теми и во процесот на менторство);
- Воведување на родово разделени податоци во однос на номинираните кандидати и кандидатки, шефови/шефици на изборни штабови за секој изборен циклус);
- Усвојување на Етичкиот Кодекс на ЛДП;
- Реакции, соопштенија и прес конференции по укажана потреба;
- Доекипирање на Комисијата за заштита од дискриминација;
- Организирање на Изборни Собранија на Форумот на жени на ЛДП;
- Организирање на хуманитарни акции;
- Одбележување на битни датуми/ со одредена активност/ став/порака:
  - 1 јануари - Светски ден на семејството (порано *Еден ден на мирот*, признаен од ООН);
  - 8 март - Ден на ООН за женски права и меѓународен мир (признаен од ООН)
  - 26 јуни - Меѓународен ден за поддршка на жртвите на насилство (признаен од ООН);
  - 15 септември - Меѓународен ден на демократијата;
  - 18 септември - Меѓународен ден на родова еднаквост на платите;
  - 21 септември - Меѓународен ден на мирот (признаен од ООН, Светски ден на Алцхајмеровата болест);
  - 15 октомври – Меѓународен ден на руралната жена;
  - Месец октомври awareness month /breast cancer;
  - 19 ноември - Меѓународен ден на мажите;
  - 25 Ноември - Меѓународен ден за борба против насилството врз жените,
  - 10 Декември – Меѓународен ден на човековите права




*Билјана Аврамоска Ѓореска*

*Претседателка на Форумот на жени на ЛДП*